ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА и УСЛУГИ
АГРОМЕХАНИКА АД Увоз Извоз
Н а д з о р е н о д б о р
Бр. 0203-269/2-65
28.05. 2012 година
С К О П Ј Е

ДО СОБРАНИЕТО НА ДРУШТВОТО
ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АГРОМЕХАНИКА АД
УВОЗ ИЗВОЗ СКОПЈЕ

**И З В Е Ш Т А Ј**

за работата на Надзорниот одбор на Друштвото за
Трговија и Услуги АГРОМЕХАНИКА АД УВОЗ
ИЗВОЗ Скопје за период 01.01-31.12.2011 година

Согласно одредбите од член 380 , 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 35 од Статутот на Друштвото за трговија и услуги АГРОМЕХАНИКА АД Увоз Извоз Скопје, Надзорниот одбор на Друштвото како орган за надзор, поднесува извештај за своето работење за периодот 01.01.2011 до 31.12.2011 година.
Извештајот го изготви Надзорен одбор и тоа;
Даница Шишовска - претседател
Љиљана Ангеловска - член
Ѓорѓи Тоновски - независен член
Во периодот од 01.01. до 31.12.2011 година Надзорниот одбор одржа 8 ( осум) седници , од 56 - та седница до 62-та седница .

## КОНТРОЛА НА УПРАВУВАЊЕТО И РАКОВОДЕЊЕТО СО РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Надзорниот одбор контролната функција ја извршуваше со редовно следење и увид во работењето на Управниот Одбор и деловната активност на АД Агромеханика увоз извоз Скопје во текот на целата година , а во рамките на овластувањата кои му се дадени согласно член 380 од ЗТД и член 35 од Статутот на Друштвото.

Надзорот врз управувачката функција и контролата врз раководењето

Надзорниот одбор го вршеше преку анализата на периодичните квартални извештаи и годишниот извештај на Управниот одбор за освтарените деловни резултати од работењето на Друштвото во текот на 2011 година. При тоа, ги констатираше состојбите и носеше соодветни конкретни задолженија на Управниот одбор за надминување на одредени слабости и проблеми во текот на работењето.
Покрај тоа Надзорниот одбор по своја иницијатива разгледуваше и расправаше и за други материјали и состојби што имаат влијание во работењето на Друштвото.
Надзорниот одбор во тековното следење на работата на Управниот одбор и остварување на неговата управувачка Функција со Друштвото му укажуваше на потребата од поголеми активности во делот на извршувањето на дејноста на Друштвото и за потребата за преземање на повеќе мерки и активности што произлегуваа од тековното работење на Друштвото , а се со цел за надминување и намалување на загубата.
Надзорниот одбор одржа 8 седници . Надзорниот одбор и Управниот одбор обезбедија континуирана соработка во текот на годината и целосно меѓусебно информирање за прашања од интерес за поуспешно функционирање и работење на органите и Друштвото во целост.
Покрај разгледувањето на периодичните извештаи Надзорниот одбор расправаше и за прашања од битно влијание за работењето на Друштвото и проблеми што се јавуваат во тековното работење на Друштвото , а со цел со нивното благовремено надминување да се дојде до подобрување на резултатите од работењето.За таа цел го следеше работењето на Друштвото укажувајќи на недостатоците во поглед на извршувањето на работните задачи од аспект на економичност, ефикасност и рационалност.
Надзорниот одбор следејќи го работењето на Друштвото во сите сфери од неговата надлежност , расправаше и по прашања и материјали од интерес на Друштвото , од областа на финансиите, за состојбата на имотот на Друштвото и сл.
Со оглед на сложените состојби на стопанисување во изминатата година, Надзорниот одбор ги следеше преземените мерки и активности од страна на Управниот одбор , при што цени дека Управниот одбор , преземал соодветни мерки и активности од нивна надлежност , и во така отежнати услови на стопанисување .
Членовите на Надзорниот одбор успешно функционираа и беа вклучени во сите сфери на работење на Друштвото , со што се смета дека Надзорниот одбор и неговите членови успешно ги извршија своите задачи согласно надлежностите утврдени со ЗТД и Статутот на Друштвото.
Понатамошниот надзор врз управувачката функција и контрола во раководењето на Друштвото и во текот на 2012 година, Надзорниот одбор ќе го интензивира заради поширoко согледување и следење на работата на Друштвото во целина и на Управниот одбор , со соодветни препораки и мислења за остварување на стратешките цели на Друштвото во идната година а се со цел да Друштвото почне да работи со добивка .

Од сето горе наведено јасно се гледа дека во текот на целата деловна 2011 година Надзорниот одбор секогаш и во секое време бил во тек со целокупното работење на Друштвото.

Исто така треба да се истакне дека во периодот од 01.01-31.12.2011 година членовите на Надзорниот одбор на Друштвото беа уредно поканувани и присуствуваа на седниците на Управниот одбор на Друштвото при што беа во тек со активностите на Управниот одбор и ја следеа законитоста при донесувањето на одлуките и нивното реализирање.

Извештајот е изготвен со потполна согласност на сите членови на Надзорниот одбор.

Надзорен одбор

28.05. .2012

Даница Шишовска ____________

Љиљана Ангеловска ____________

Ѓорѓи Тоновски ____________